www.lastrada.org.mk

Open Gate - La Strada
Macedonia
Tel: +389 2 2700 107
Fax: +389 2 2700 367
P.O. box 110, Skopje, 1000
E-mail: lastrada@on.net.mk

# МАЛ ПРИРАЧНИК ЗА ГОЛЕМИ ОДЛУКИ

La Strada MACEDONIA

**Не дозволувај да бидеш измамена**
**Имаш начин да си помогнеш**

La Strada

MACEDONIA

Open Gate - La Strada
Macedonia
Tel: +389 2 2700 107
Fax: +389 2 2700 367
P.O. box 110, Skopje, 1000
E-mail: lastrada@on.net.mk

# Не дозволувај да бидеш измамена

## Имаш начин да си помогнеш

Ти си на возраст од 14 до 24 години?

Чекаш со нетрпение да го завршиш училиштето?

Сакаш сам/а да ги заработуваш парите?

Мечтаеш да си најдеш добро платена работа?

Размислуваш да заминеш во странство?

Убеден/а си дека во странство животот е поубав и полесен отколку во Македонија?

Сакаш да направиш нешто, за да го промениш животот?

Сакаш да патуваш, да видиш нови нешта ?



Ако со повеќе од свие прашања се согласуваш, ти сериозно размислуваш да заминеш во странство.

Но патиштата кон странство се многу. Ниту еден од нив не е лесен, особено ако си млад/а и ако доаѓаш од земја како Македонија.
Не е секогаш како што замислуваме.
Кој пат ќе го одбереш ти?
Ќе те одведе ли тој на вистинското место?

# Еден од резултатот може да биде овој:

Се викам Тања. Имам 20 години.
Потекнувам од мало гратче.
Почнав да размислувам да заминам во странство.

Го запознав Сергеј, рече дека сум многу убава и дека би можела да заработам многу пари како фото-модел во Италија.

Сè се одвиваше многу брзо. Само за неколку дена ми рече дека ми извадил пасош и сè друго што ми е потребно.
Дури не ми беа потребни ни пари за пат.
Сè секавам беше нок...

Мојот сон се претвори во кошмар.
Наместо во ветената агенција, завршив во евтин бордел.

**БЕВ**

*Без пари... тепана и измачувана...*
*без документи... затворена и изолирана...*
*без идентитет... купувана и продавана...*

**со други зборови бев РОБИНКА!**

**ВНИМАНИЕ:**
Трговците со луѓе можат да бидат мажи или жени, пријатели или роднини а во некои случаеви дури и родители....Тие преземаат низа активности со цел примамување на жртвата како лажни ветувања и измами,вадење на документи,превоз, сместување....

Трговијата со луѓе претставува најсурово кршење на човековите права и слободи.
Тоа се случува кога младите луѓе се измамени во однос на целите и крајната дестинација на патувањето и се принудени да извршуваат активности против своја волја како на пр: проституирање, присилна работа, питачење ,слугување ,извршување криминогени дејаствија и тн.
Им се одземаат личните документи, службено не постојат, никој не знае дека престојуваат во државата.- Нивниот престој всушност е незаконски.

# ЗАТОА ДОБРО Е ДА ЗНАЕШ

**Пасошот**
е личен документ кој му се издава на државјанин на Република Македонија заради патување и престој во странство, како и за враќање во земјата.

**Пасошот**
за време на престојот во странство служи за утврдување на идентитетот и како доказ за државјанство.

**Патниот лист**
го издава дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство на државјанин на Република Македонија, кој во странство останал без патна исправа(пасош).

**Секогаш сам/а вади пасош и виза**

**Не дозволувај никој да го направи тоа наместо тебе**

**Никому, освен на официјалните органи, не им ги давај своите документи за работа или пасошот, туку само фотокопија од истите!**

**Визата**
е одобрение за патување вострантство и таа
**се издава заедно или повеќе патувања, а рокот на важење се определува во конзуларно -дипломатското претставништво на соодветната земја во Република Македонија**

**Виза**
се издава со рок на важење кој не може да биде подолг од рокот на важењето на пасошот.

# ДОГОВОР ЗА РАБОТА



Договорот за работа секогаш ти е неопходен кога заминуваш во странство со цел да работиш

Биди претпазлив/а при склучување на договор за работа

Договорот што го потпишуваш треба задолжително да биде напишан на твојот мајчин јазик или на јазикот кој добро го познаваш и содржината потполно да е јасна.

Договорот треба да биде потпишан, со печат, во два идентични примероци од кои едниот останува за тебе.

Немој да потпишуваш договор ако се сомневаш во неговата вистинитост и законитост или ако условите за работа не ти се допаѓаат.

Немој да потпишуваш договор за работа со агенција или фирма која не поседува лиценца за посредување при работа во странство.

## Договорот треба да содржи:

> местото каде што ќе работиш
> името на фирмата и одговорното лице во неа
> условите за работа
> времетраење на работното време и одмор
> рок на траење на договорот
> висина на плата

За да бидеш посигурен/на во однос на правилноста на договорот консултирај се со адвокат, родител,старател или невладина организација.

За информации кои се однесуваат на легалноста на агенцијата или фирмата, како и за трудово-правните односи во земјата каде патуваш, обрати се во Амбасадата(конзуларно-дипломатско претставништво)на соодветната земја во Р.Македонија.





**Пред да заминеш во странство на твоите најблиски остави им ги следниве информации:**

> Копија на пасош, виза и договор.
> Понова фотографија
> Адреса и телефон на Македонската амбасада во земјата каде патуваш
> Адреса и телефон од местото каде ќе престојуваш и работиш
> Име и адреса на работодавецот.
> Адреса и телефон на пријателите или познаниците (ако имаш) во земјата каде патуваш.
> Имиња и адреси на луѓето со кои патуваш.

**ВНИМАНИЕ:**

Редовно одржувај контакт со родителите, старателите и пријателите-Важно е да знаат како си!

Во случај на неволја имај договорено реченица со барем една личност која ќе ја предупредиш дека ти е потребна помош.




# Што треба да си понесеш со себе?

> Адреси и телефонски броеви на невладини организации

> Адреса и телефон на македонското дипломатско-конзуларно претставништво во државата во која планираш да заминеш

> Адреси и телефонски броеви на пријатели, доколку ги имаш во државата во која патуваш

> Бројот на СОС линијата за информации и превенција од трговија со луѓе во Македонија и земјата каде што патуваш

Ако и покрај се те измамиле за условите за работи, ако си жртва на трговија со луѓе

**НЕ ТРЕБА ДА ОЧАЈУВАШ ИМАШ НАЧИН ДА СИ ПОМОГНЕШ!**



**ВНИМАНИЕ:**

Ако мислиш дека на било кој начин твоите права се прекршени, задолжително обрати се во нашата амбасада и органите на власта во земјата во која престојуваш. Тие соработуваат во твој интерес и тие ќе ти овозможат издавање на нови документи и безбедно враќање до твојата земја!

Ако си во неволја, не треба да се чувствуваш виновен/на и да се криеш од полицијата. Ти не си тој/таа кој/а што извршил/а прекршок, туку тие што те измамиле.

**1.** Да побараш помош од полицијата. Во Европските земји полицијата е информирана за тоа што претставува трговијата со луѓе. Затоа најдобро е да отидеш во полициска станица и да раскажеш што ти се случило. Дури и да не разберат дека си жртва на трговија со луѓе со цел присилна проституција, питачење, присилна работа или слугување, полицајците се должни да ти излезат во пресрет. Можеш да им кажеш дека се плашиш да ја напуштиш полициската станица. Побарај да ти обезбедат преведувач и да ти овозможат контакт со македонската амбасада во дадената земја.

**Жртвите на трговија со луѓе не се престапници !**

Тие не се виновни што престојуваат незаконски во странство или што поседуваат невалидни документи. Тие насилно се принудувани да прават нешто што не сакаат. Во некои држави како Холандија, Белгија и Германија жртвите на трговија се заштитени со закон. Тоа значи, дека при најмало сомневање за случај на трговија, лицето е третирано како жртва, а не како илегален мигрант.

**2.** Да се обратиш во Македонската Амбасада во земјата во која што се наоѓаш. Амбасадата е должна да ти помогне. Побарај заштита и контакт со семејството во Македонија. Ако немаш документи или си со невалидни документи, Македонската Амбасада ќе ти издаде соодветен документ со кој ќе можеш легално да се вратиш во Македонија.

**Ти не си виновен/на.**

Имаш право е да бидеш заштитен/а, а не осудуван/а поради тоа што ти се случило.

**3.** Да се обратиш во организации кои што даваат помош на жртви на насилство. Во многу земји има специјални СОС телефони за помош на лицата кои претрпеле насилство. Обиди се да запомниш барем еден ваков телефонски број и при првата можност да се јавиш. Некои организации нудат тајно сместување, каде што можеш да се засолниш додека решиш што ќе правиш понатаму.

## Линија за информација и превенција од трговија со луѓе

## (00389) 0800 11111

## (00389 /2 ) 2 777 070

**24 часа на ден**

**Во случај да го повикаш овој број, ти нудиме:**

> повратен повик (до колку сакаш);

> информации кои треба да ги знаеш пред да заминеш во странство;

> правен совет;

> информации и помош доколку си во неволја;

> помош за остварување на контакти со органите на власта (до колку сакаш);

> психосоцијална помош;

> помош за враќање во матичната земја.

> помош при вадење на документи (доколу ти се одземени)

Трговијата со луѓе, посредување во проситуција, засновање ропски однос и превоз на лица во ропски однос се кривични дела кои се казнуваат според кривичниот законик на Р. Македонија.

**Член 418-а**
Трговија со луѓе

**Член 418-б**
Криумчарење на мигранти

**Член 418-в**
Организирање на група и поттикнување на извршување на делата.
Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти

**Член 418г**
Трговија со деца

За повеќе информации посетете ја веб страната
**www.pravo.org.mk**

## ВНИМАНИЕ

За оние што настрадале од трговија со луѓе, постои можност да се сместат времено во прифатилиштето на Отворена Порта!

Тоа е место во кое можеш да престојуваш одредено време, каде ќе добиеш храна, облека, помош од специјално обучени луѓе и никој нема да те обвинува за тоа што ти се случило.



**Тие ќе ти помогнат да:**

> ја вратиш вербата во себе

> добиеш медицинска, психолошка и правна помош

> оствариш врска со семејството

> посетуваш обуки/занаетчиски курсеви....

Отворена Порта им помага на сите жртви, потенцијални и претпоставени жртви на трговија со луѓе без разлика на возраста, националноста, религиозното убедување или расната припадност. Сите може да добијат различни видови на помош, значајни за психо-физичкото опоравување и интегрирањето во средината.

ЖРТВАТА може да се експлоатира на најразлични начини, по пат на принудна проституција, питачење, принудна работа, принудно извршување на криминогени дејствија, по пат на понуда за лажен брак или лажно усвојување или продажба на органи!

**ИНФОРМИРАЈ СЕ ПРЕД ДА ОДЛУЧИШ** на

# 0800 11111

**СОС линија за помош од трговија со луѓе**

**РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА**
**Амбасада на РМ во Рим**
**(покрива и СВР на Малта)**
Via Bruxelles 73/75, 00198 Rome
+ 39 06 84 24 11 09
+ 39 06 84 11 470
rome@mfa.gov.mk

**КРАЛСТВО ХОЛАНДИЈА**
**Амбасада на РМ во Хаг**
Laan van Meerdevoort 50 - C
2517 AM Den Haag
+ 31 70 427 44 64
+ 31 70 427 44 65
hague@mfa.gov.mk

**РЕПУБЛИКА ПОЛСКА**
**Амбасада на РМ во Варшава**
**(покрива и Р.Латвија, Р.Литванија)**
Krolowej Marysienki 40
02-954 Warszawa
+ 48 22 651 72 91
+ 48 22 651 72 92
ambrmwar@zigzag.pl

**РОМАНИЈА**
**Амбасада на РМ во Букурешт**
144, Mihail Eminescu
Sektor 2, Bucharest
+ 40 21 210 08 80
+ 40 21 210 59 01
bucharest@mfa.gov.mk

**РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**Амбасада на РМ во Москва**
**(покрива и Р.Белорусија)**
Dmitrija Uljanova 16,
corpus 2, entrance 8, floor 1
Suite 508&510, 117292 Moscow
+ 7495 124 33 57
+ 7495 124 33 59
moscow@mfa.gov.mk

**РЕПУБЛИКА СРБИЈА**
**Амбасада на РМ во Белград**
**(покрива и Државата Израел)**
Gospodar Jevremova 34
11 000 Belgrade
+ 381 11 328 49 24
+ 381 11 328 49 6
belgrade@mfa.gov.mk

**РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА**
**Амбасада на РМ во Љубљана**
Presernova Cesta 2, 1000 Ljubljana
++ 386 1 421 00 21
++ 386 1 421 00 22
makamb@siol.net

**КРАЛСТВО ШПАНИЈА**
**Амбасада на РМ во Мадрид**
Calle Don Ramon de la Cruz, 107 2B
28006 Madrid
+ 34 91 571 72 98
+ 34 91 571 34 81
emb.mkd.madrid@gmail.com

**КРАЛСТВО ШВЕДСКА**
**Амбасада на РМ во Стокхолм**
**(покрива и Норвешка,**
**Р.Финска и Р.Естонија)**
Riddargatan 35 P.O. Box 10128
100 55 Stockholm
+ 46 8 661 18 30
+ 46 8 667 21 45 (ConsularDept.)
stockholm@mfa.gov.mk

**ШВАЈЦАРСКА КОНФЕДЕРАЦИЈА**
**Амбасада на РМ во Берн**
**(Исто така покрива и Лихтенштајн)**
**Kirchenfeldstrasse., 30, CH - 3005 Bern**
**++ 41 31 352 00 02**
**++ 41 31 352 00 16**
**bern@mfa.gov.mk**

**РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА**
**Амбасада на РМ во Анкара**
**(покрива и САрабија, ОАЕмирати,**
**РКазахстан, Киргиска Реп,**
Азербејџанска Реп и Р.Узбекистан)
Karaca sokak 24/5-6
Gaziosmanpasha, Ankara
+ 903 12 439 92 04
+ 903 12 439 92 08
ankara@mfa.gov.mk

**УКРАИНА**
**Амбасада на РМ во Киев**
Ivan Fedorov 12, Kiev, 03150
+380 44 238 66 16
+380 44 238 66 17
kiev@mfa.gov.mk

**ВЕЛИКА БРИТАНИЈА**
**Амбасада на РМ во Лондон**
**(покрива и Ирска и Р.Исланд)**
Suite 2.1 & 2.2, Bucking Court
75-83 Buckingham Gate
London SW1E 6PE
+44 207 976 0535
+44 207 976 0538
info@macedonianembassy.org.uk

**САД**
**Амбасада на РМ во Вашингтон**
2129 Wyoming Ave. NW
Washington D.C. 20008
+1 202 667 0501
+1 202 667 2104 (Ambassador's Office)
washington@mfa.gov.mk

**РЕПУБЛИКА ЧЕШКА**
**Амбасада на Рво Прага**
Belbinova 4/392, 12000 Prague 2
Czech Republic
+ 420 222 521 093
+ 420 222 521 179
prague@mfa.gov.mk

## ПОСТОЈАНИ МИСИИ НА Р.МАКЕДОНИЈА

**ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ВИЕНА**
Engelsbergasse 5/7
A - 1030 Vienna
+431 524 87 02
+ 431 524 87 03
misson.vienna@mfa.gov.mk

**ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ ЕЗ, БРИСЕЛ**
Avenue Louise 209A, 1050 Brussels
+ 32 2 732 51 08
+ 32 2 732 51 11
misson.eu@mfa.gov.mk

**МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ НАТО, БРИСЕЛ**
NATO HQ - JA Building
Blvd. Leopold III, 1110 Brussels
+ 32 2 707 27 62
+ 32 2 707 27 60
misson.nato@mfa.gov.mk

**ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ УНЕСКО ВО ПАРИЗ**
5, rue de la Faisanderie,75116 Paris
+ 331 45 77 10 50
+ 331 45 77 85 77
paris@mfa.gov.mk

**ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО СТРАЗБУР**
13, rue Andre Jung 13
67000 Strasbourg, France
+ 33 388 37 17 00
+ 33 388 37 19 04
rp.macedoine@free.fr

**ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ ФАО ВО РИМ**
Piazza F.M. Lante 53/2-8, Rome
+ 3906 635 878
+ 3906 634 826

**ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ, ЖЕНЕВА**
143, rue de Lausanne,CH - 1202 Geneva
+ 41 22 731 29 30
+ 41 22 731 29 39
geneva@mfa.gov.mk

**ПОСТОЈАНА МИСИЈА НА Р.МАКЕДОНИЈА ПРИ ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ, ЊУЈОРК**
**866 United Nations Plaza,**
**Suite 517, New York, N.Y. 10017**
**+ 1 212 308-8504**
**+ 1 212 308-8724**
**newyork@mfa.gov.mk**

# Забелешки

# Поважни Телефони